# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА НА ЦЕНТРАЛНО НИВО

Скопје, мај 2014

**Листа на кратенки**

РОБ - родово одговорно буџетирање
ОДУ - Органи на државна управа
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
ИРСКГ - Интер-ресорска советодавна и консултативна група
ГС - Генерален секретаријат
МФ - Министерство за финансии

# 1. ВОВЕД

Методологијата за родово одговорно буџетирање за органите на државната управа на (во натамошниот текст "Методологијата") претставува инструмент и водич за успешна имплементација на обврските кои произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Македонија. Методологијата има за цел подобрување на ефикасноста и ефективноста на програмите преку интеграција на принципот на родова правичност во политиките и развојните стратегии на Владата на Република Македонија.

Методологијата го објаснува процесот и начините на кои органите на државната управа треба да постапат во вклучување на родовата перспектива при креирањето на политиките содржани во програми,потпрограми и проектите и плановите за нивно спроведување интегрирани во стратешките планови (во понатамошниот текст: планови за спроведување) и буџетите. Истовремено таа ја утврдува временската рамка за вклучување на родовата перспектива во веќе востановените процеси на стратешко планирање и буџетирање и дава насоки како се следат и како се оценуваат долгорочните импликации, ефекти и влијание на развојните програми и мерки врз мажите и жените.

Методологијата го поттикнува разбирањето на родово-одговорното буџетирање (РОБ) како стратегија ориентирана кон резултати и промени, а не само насоченост кон анализа на буџетските ставки и буџетските алокации во рамките на институциите. Во таа насока РОБ не бара посебни буџетски алокации за жени, но бара родово одговорен пристап во поставувањето на стратешките приоритети и финансиските предвидувања во рамки на постоечките програми и мерење на нивна реализација преку соодветни индикатори на успешност.

Преку примена на методологијата институциите осознаваат дека буџетите на програмите можат да имаат различно влијание на мажите и жените заради нивната различна социјална и економска положба. Со воведувањето на родово одговорното буџетирање се подобрува и транспарентноста и отчетноста на институциите во трошењето на средства и се поттикнуваат еднаквите можности.

Процесот на родово одговорно буџетирање, опишан и разработен во Методологијата е целосно усогласен со постојниот систем за стратешко планирање и буџетирање во министерствата при Владата на Република Македонија и постапките за координација на политиките и донесување на одлуките од страна на Владата на Република Македонија.

## 1.1 Политички контекст – потреби и определби

Процесот на интегрирање на РМ во ЕУ налага почитување и стремеж кон постигнување на определени норми и стандарди во насока на унапредување на еднаквоста и еднаквите можности за сите граѓани на РМ и подобрување на транспарентноста и отчетноста на институциите.

Владата на РМ, со усвојување на Стратегијата на родово одговорно буџетирање 2012-2017 се прикулучува кон инцијативите за родово одговорно буџетирање[1], притоа обврзувајќи се дека ќе се залага за вклучување на родовата перспектива во главните текови преку креирање и спроведување на политики и буџети кои ќе ја земат предвид различната положба на жените и мажите и различните пречки со кои тие се соочуваат. На овој начин се создаваат услови за креирање на поефективни програми, а јавните средства да се трошат поцелисходно.

Истовремено, преку механизмите на родово одговорното буџетирање и усвојувањето на оваа Методологија ќе се овозможи проценка на влијанието на владините приходи и расходи врз жените и мажите, и креирање на мерки со кои би се надминала родовата нееднаквост. Преку анализи и следење на политиките, програмите и плановите за спроведување од родов аспект, се обезбедуваат услови за носење на подобри и издржани одлуки за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Дополнително, со примената на методологијата ќе се допринесе кон поголема транспарентност, отчетност, одговорност и учеството на институциите во промовирање на еднаквите можности.

### 1.2. Правен основ и стратешки определби

Родово одговорното буџетирање е во функција на целосно остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија и системското воспоставување на принципите на еднаквост и недискриминација, утврдени преку соодветната нормативна рамка и стратешки документи.

Во Република Македонија нормативната рамка и институционалниот пристап за системско воведување на родовото одговорно буџетирање е изразена преку:

- *Законот за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на РМ бр.6/2012);* со кои се обврзуват сите субјекти во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпориират принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат за преземените активности во рамките на годишните извештаи. Оваа обврска подеднакво се однесува и за единиците на локалната самоуправа.

---

[1] Коминике на ЕУ за вклучување на еднаквите можности на мажите и жените; Communication from the Commission of 21 February 1996 "Incorporating equal opportunities for women and men into all Community policies and activities" [COM(96) 67 final.
Европската комисија во 2001 година непосредно по конференцијата на тема "Родово одговорен буџет: глобална визија за зајакнување на економска и финансиска влада", формира експертско работно тело со задача да подготви документ кој би ги содржел најважните искуства во областа на родовото буџетирање, податоци за методите и начините на примена на ниво на Европската Унија и земјите членки.
Денес иницијативите за родово одговорно буџетирање активно се применуваат во Велика Британија преку анализа на даночната политика; Франција преку задолжителен годишен извештај за родово одговорно буџетирање во рамките на подготовка на националниот буџет; Австрија, каде родовото буџетирање е втемелено во уставот; Швајцарија каде се истражуваат ефектите од политиките во однос на мажите и жените итн. За повеќе информации консултирајте ја веб страницата на UN Women http://www.gender-budgets.org/

- *Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 (Службен весник на РМ бр.27/2013)*; чија цел е унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во севкупното општествено живеење во која се дефинирани секторските приоритети за унапредување на родовата рамноправност.
- *Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање (2012-2017)*, која има за цел унапредување на родовата рамноправност преку прилагодување на постојните процеси на планирање и буџетирање на политиките и програмите на буџетските корисници, земајќи ги предвид различните импликации врз жените и мажите. Стратегијата ги дефинира насоките за воведување на родово одговорно буџетирање, чекорите за унапредување на законската рамка и зајакнување на институционалните механизми.
- *Насоките за подготовка на предлог буџетска пресметка утврдени во тековната а кои се однесуваат за наредната година, издадени од Министерството за финансии.* Во насоките за подготовка на предлог буџетската пресметка, во делот на индикатори и резултати, Министерството за финансии (МФ) укажува дека буџетските корисници со буџетското барање задолжително треба да утврдат индикатори за секоја буџетска програма (со развојните подпрограми). За избраната програма за родова анализа посебно утврдените индикатори за остварување на секоја програма одделно задолжително да бидат и полово разделени.

### *1.3. Цели на Методологијата за родово одговорно буџетирање*

Покрај законските и стратешките акти за интегрирање на родово одговорното буџетирање во работата на органите на државната управа, целта на оваа Методологијата е:

- *Да* обезбеди единствено разбирање за родово одговорното буџетирање;
- Да даде насоки за начините на кои се развиваат, имплементираат политиките/програмите чија цел е поттикнување на еднаквите можности и промовирање на родовата еднаквост;
- Да даде насоки за начините на кои се развиваат, имплементираат и поврзуваат политиките/програмите за унапредување на родова еднаквост со процесите стратешко и буџетско планирање односно стратешките планови на органите на државната управа преку дефинирање на родово сензитивни цели и резултати, активности и индикатори кои треба да се фокусираат на клучните активности на програмата и треба да ја мерат нејзината најважна активност(и). и прогресот;
- Да ја опише постапката и да ги објасни критериумите за избор на програми, подпограми и проекти кои ќе бидат предмет на родово одговорно буџетирање;
- Да ја дефинира организацијата и управувањето на процесот на родово одговорно буџетирање;
- Да се објасни процесот на следење и евалуација преку кој се мери прогресот во однос на постигнувањата на програмите за мажите и жените.

1.4. Придобивки од воведување на родово одговорно буџетирање

Придобивките од спроведувањето на родово одговорното буџетирање, се однесуваат, пред се на подобрување на квалитетот на живеење во сите сфери во Република Македонија, преку:

- Намалување на социјално-економските диспаритети, настанати како резултат на нееднаквата положба на мажите и жените, подобрување на еднаквите можности;
- Намалување на сиромаштијата;
- Разбирање и обезбедување на видливост на влијанијата што можат да ги имаат политиките на различни категории на граѓани, особено на мажите и жените;
- Рамноправна распределба на буџетските средства на фер, праведен, ефикасен и одговорен начин;
- Подобрување на ефикасноста и ефективноста на влијанието на политиките и програмите и осигурување дека од расходите ќе имаат корист оние на кои најмногу им е потребно;
- Поттикнување на транспарентноста и отчетноста на институциите;
- Напредок на државата во однос на демократијата, праведниот, економски развој и родовата еднаквост;
- Поттик за институциите да водат родово-разделена статистика и да ги темелат иницијативите на анализи, кои пак ќе обезбедат подобро разбирање како со трошат средствата и ќе ја зголемат ефикасноста на политиките.

**1.5. Процес и опфат на Методологијата за родово одговорно буџетирање**

Методологијата за родово одговорно буџетирање го дефинира процесот и опфатот на институциите со родово одговорно буџетирање.

Процесот на РОБ ќе се одвива во 3 фази, а со методологијата ќе бидат опфатени органите на државната управа:

(1) Во првата пилот фаза, родово одговорно буџетирање ќе се спроведе во периодот од 2014- 2017 во одреден број на институции во администрацијата на РМ, чии програми и активности имаат видливи влијанија врз подобрување на состојбите на мажите и жените во одредени сегменти на општественото живеење.

Со родово одговорно буџетирање во првата пилот фаза ќе бидат опфатени:

- 4 институции се избрани во 2013 година, чии програми ќе се следат во наредните три години заклучно со 2016 година, согласно циклусот на стратешко и буџетско планирање[2];

[2] Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Министерство за здравство (МЗ), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), согласно *Насоките за подготовка на предлог буџетска пресметка* се обврзани во рамките на буџетскиот циркулар да дефинираат родово сензитивни индикатори.

- 4 нови институции избрани во 2014 година чии програми ќе се следат во наредните три години, до 2015-2017 година.

(2) Со втората фаза од циклусот на родово одговорно буџетирање ќе бидат опфатени сите органи на државна управа на централно ниво, со избор на програми,подпрограми и проекти чии ефекти и влијание ќе се следат во континуитет и ќе се стремат кон подобрување на добросостојбата на жените и мажите во општеството.

Постапките и процесите од втората фаза од воведувањето на родово одговорно буџетирање ќе се темелат на согледувањата од пилот фазата.

Втората фаза на родово одговорното буџетирање ќе започне во 2017 година.

(3) Во третата фаза, откако институциите ќе бидат целосно подготвени, ќе се премине кон следење на хоризонталните програми, чија комплексност бара подобра координација и веќе изградени капацитети за родово одговорно буџетирање.

Третата фаза ќе започне во 2019.

1.6. Координација на процесот на родово одговорно буџетирање

Координацијата помеѓу вклучените институции во процесот на родово одговорно буџетирање ја врши МТСП, во чии рамки се наоѓа владиниот механизам за родова еднаквост.

Изборот на институци во првата фаза ќе се дефинираат во координација помеѓу органите на државна управа, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии. Во втората фаза сите органи на државната управа на централно ниво ќе бидат вклучени во процесот на родово одговорно буџетирање.

МТСП обезбедува поддршка и координација на органите на државната управа за родово одговорно буџетирање, на нивно барање.

Органите на државната управа ја подготвуваат родово одговорната буџетска изјава. Одобрената родово буџетска изјава, се доставува во прилог на Стратешкиот план до Министерството за финансии и Генералниот секретаријатна Владата на РМ.

Генералниот секретаријат проверува дали задолжените институци дефинирале родово сензитивни индикатори, дали индикаторите се фокусираат на клучните активности и најважните цели кои се постигнуваат со програмата.

Министерството за финансии проверува дали задолжените институци доставиле родово одговорна буџетска изјава и дефинирале аутпут индикатори, согласно *Насоките за подготовка на предлог буџетска пресметка.*

---

Програмите за предмет на родово буџетска анализа се следните: Земјоделство и рурален развој (МЗШВ), Програма за самовработување (МТСП, АВРМ), Програма за рана детекција на малигни заболувања во РМ (МЗ)

Интерресорската советодавна и консултативна група при Владата на Република Македонија дава мислења и насоки во сите фази од процесот на родово одговорно буџетирање.

Со усвојувањето на родово буџетската изјава институциите се обврзуваат да ја објават на својата веб страница и да ја достават до МТСП.

МТСП има координативна улога и во следењето на спроведувањето и во известувањето за родовото одговорното буџетирање. Органите на државна управа доставуваат годишен Извештај за родово одговорно буџетирање до МТСП и тригодишен завршен извештај за програмата.

МТСП го доставува извештајот до Интер- ресорската советодавна и консултативна група

МТСП и ИРСКГ даваат мислење по Извештајот.

МТСП е задолжено да ја извести Владата за севкупниот напредок во однос на унапредување на еднаквоста и еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија.




## 2. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

Процесот на планирање на родово одговорно буџетирање во рамките на органите на државната управа се одвива во неколку фази:

-Избор на програма за родово буџетска анализа;

- Формирање на работна група за спроведување на родово одговорно буџетирање и;
- Спроведување на родовото одговорно буџетирање.

Процесот на спроведување на РОБ е поврзан со процесот на стратешко и буџетско планрање и се одвива низ следните чекори:

- ✓ Чекор 1. *Дефинирање на стратешки приоритети на Владата на РМ*
- ✓ Чекор 2. *Подготовка на стратешкиот план*
- ✓ Чекор 3. *Подготовка на предлог буџетска пресметка на институцијата*

За подетални информации околу начините и инструментите за планирање и споредување на родово одговорно буџетирање консултирајте го **Прирачникот за родово одговорно буџетирање за администрацијата на Република Македонија,** кој може да го најдете во електронска верзија на веб локацијата на МТСП http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/priracnik_rodovo_mkd.pdf

## 2.1. Избор на програма,подпрограма или проект за родово буџетска анализа

Со усвојувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање (2012-2017), планирањето на програмата,подпрограмата или проектот предмет на РОБ, претставува интегрален дел од процесот на стратешко планирање и буџетскиот процес кој се одвива во органите на државната управа.




Изборот на програмата, поаѓа од стратешките приоритети на Владата на РМ и приоритетите на самата институција, во согласност со реално расположливи финансиските средства,човечките ресурси и други институционални капацитети. Во оваа фаза од процесот, се проценува дали постојат расположливи полово-

разделени статистички податоци проследени со квалитативни анализи за состојбите на мажите и жените во определен сектор, кои претставуваат почетна точка (benchmark) за промените кои се очекуваат во период од три години, согласно опфатот.

Изборот на програмата,подпрограма или проект која ќе биде предмет на родово одговорно буџетирање ( анализа на состојбата, буџетска анализа, планирање односно креирање на програма, имплементација и следење на спроведувањето, евалуација и известување), треба да ја направат самите институции во согласност со нивната мисија и врз основа на следните критериуми:

- Програмата да придонесува кон остварување на стратешките приоритети и цели на Влада на РМ , утврдени со одлука во тековната година а кои се однесуваат за наредната година
- Програмата да биде со среднорочна временска рамка до (3 години), која е дел од стратешкиот план на институцијата која ја имплементира;
- Програмата да придонесува кон остварување на целите на Стратегијата за родова еднаквост во Република Македонија, но не и исклучиво;
- Програмата да придонесува директно или индиректно[3] кон намалување на сиромаштијата и кон подобрување на добросостојбата и квалитетот на живеење на мажите и жените во РМ;
- Програма која според обемот и буџетот е приоритетна за институцијата, а не се однесува на административни активности;
- Програмата да биде со поголем опфат на корисници и поголема територијална покриеност.

Секоја институција е слободна да одлучи за изборот на програма, притоа водејќи сметка најголем дел од наведените критериуми да бидат испочитувани.

Изборот на програма треба да биде усогласен во рамките на институцијата, пред се врвното раководство. Координаторот и заменикот координатор за еднакви можности на жените и мажите предлагат, а одговорното лице или државниот секретар во институцијата носи одлука за избор на програма која ќе биде предмет на РОБ. За избраната програма се подготвува **Родово буџетска изјава** (прилог 1).

### 2.2. Формирање и одговорности на работна група за спроведување на родово одговорно буџетирање

Заради поефикасно интегрирање на РОБ, во процесите на подготовка на стратешките планови и буџетот, а понатаму и во подготовката на плановите за спроведување и оперативните планови на секоја институција, се формира интерна работна гурпа.

Работната група ја сочинуваат:

[3] Активностите на програма која директно придонесува кон намалување на сиромаштијата се однесува на најсиромашните корисници, додека активности на програма која индиректно придонесува кон намалување на сиромаштијата се однесуваат на зајакнување на определени секторски политики, активности за зајакнување на капацитети или пак активности како подобрување на инфраструктура, пристап до образование, здравство, подобра транспортна политика итн.

- координаторот и заменикот координатор за еднакви можности на жените и мажите во органот на државната управа;
- претставник на секторот/организациониот облик кој е надлежен за имплементација на програмата, предмет на родово буџетската анализа;
- претставник на секторот за буџет/финансиски прашања;
- претставник на секторот за стратешко планирање;
- претставникот на органот на државната управа во интер-ресорската група за еднакви можности на жените и мажите (доколку има свој претставник во таа група);
- и претставници на сектори во рамките на органот на државната управа чии активности со поврзани со имплементација на избраната програма.

Работната група се формира за периодот во кој се подготвуваат и спроведуваат активностите определени во родово буџетската изјава со решение потпишано од одговорното лице во органот на државната управа. Во решението е назначен и координатор на работната група за РОБ.

Работната група вклучена во подготовка и спроведување на родово буџетската анализа и процесот на подготовка на извештајот со резултатите од анализата е одговорна за следниве активности:

- Анализа на состојбата
- Собирање на податоци
- Консултации во рамките на институцијата и конслутации со сите релевантни чинители
- Анализа на податоците
- Креирање на програма, подпрограма или проект
- Развивање на предлог родово сензитивни индикатори за избраната програма
- Подготовка на родово буџетска изјава
- Следење на имплементацијата на програмите од родов аспект
- Евалуација на постигнатите резултати и подготовка на Извештај (и)
- Објавување на родово буџетската изјава и конечниот извештај на веб локацијата на институцијата

### 2.3. Спроведување на родовото одговорно буџетирање

Процесот на спроведување на родовото одговорно буџетирање го сочинуваат следните клучни чекори, во чија имплементација клучна улога имаат самите институции:

- **Чекор 1** ***Дефинирање на стратешки приоритети на Владата на РМ***

Принципот на родова еднаквост и родово одговорно буџетирање започнува уште во фазата на дефинирање на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија.

Подготовката на анализата на која се темелат одлуките за идните стратешки приоритети и цели, неопходно е да се заснова на родово-разделени

статистички податоци. Овие анализи треба да се поткрепени со квалитативна анализа притоа водејќи сметка за состојбите во секторите/областите, проблемите со кои се соочуваат граѓаните и различните потреби на жените и мажите.

- **Чекор 2 *Подготовка на стратешкиот* план**

Врз основа на дефинираните стратешките приоритети на Владата на РМ и анализата на состојбите за кои е одговорен органот на државната управа согласно нејзината мисија и во согласност со реално обезбедените финасиските ресурси кои и стојат на располагање се подготвуваат стратешките планови на институциите за период од три години.

Родово-одговорното буџетирање не е дел од процесот на приоретизација на програмите, туку е интегрален дел на самите приоритети и треба да биде инкорпориран во рамките на стратешките планови на институциите.

Појдовна точка во интегрирање на родово-одговорно буџетирање во стратешките планови и во програмата која е предмет на РОБ се одговорите на следните прашања:

- Што сака институцијата да постигне со одредена програма и каква придобивка од тие промени ќе има општеството во целина, но и поединечно мажите и жените? Дали програмата ќе придонесе за унапредување на еднаквоста?
- Дали дефинираните индикатори овозможуваат мерење на резултатите, следење на состојбата и влијанието на програмата врз жените и мажите?
- Дали е потребно да се преземат дополнителни мерки кои ќе ги надминат диспаритетите кои постојат помеѓу жените и мажите?
- Како институцијата ќе знае дека ќе го постигне или дека го постигнала резултатот и дека ги остварила очекуваните промени во однос на подобрување на состојбите на мажите и жените?

Врз основа на одговорите на овие појдовни прашања, во Стратешките планови работната група во рамките на институцијата идентификува програма, подпрограма, мерки и активности во функција на остварување на целта/резултатите, одговорен субјект(и) за спроведување, временска рамка на почеток и крај на активноста, и балансирана група на показателите на успешност (индикаторите) за секоја програма и подпрограма. Овие резултати и индикатори треба да бидат родово сензитивни и да обезбедат мерење на ефективноста на Владините и Буџетските програми и нивниот придонес кон унапредувањето на родовата еднаквост.

*Дефинирање на родово сензитивни резултати*

Терминот родово сензитивни резултати се однесува на резултатите кои придонесуваат кон намалување на нееднаквоста меѓу мажите и жените во согласност со политиката или програмата на која се однесуваат. Секоја програма ги идентификува проблемите, недостатоците и препораките кои треба да придонесат кон постигнување на родово сензитивните резултати. Она што е важно во рамките на Владините програми е да се идентификува почетната состојба во

однос на позицијата на мажите и жените, поткрепена со квалитативни и квантитативни податоци за да може да се оцени дали програмата успева да направи одредени постигнувања во однос на еднаквоста помеѓу мажите и жените.

Начинот на кој се дефинирани резултатите, ја одразуваат вољата и посветеноста на институциите да придонесат кон родовата еднаквост.

*Дефинирање на родово сензитивни индикатори*

Родово-сензитивните индикатори се податоци, мерка, број, процент, факт, мислење или перцепција која укажува на определена состојба или ситуација и ги мери промените со текот на времето во однос на мажите и жените.

Индикаторите може да бидат квантитативни или квалитативни.

*Квантитативните индикатори* се изразуваат во бројка,процент и укажуваат на промените, и бројот на мажите и жените вклучени во одредена програма.

*Квалитативните индикатори* се дефинирани како ставови, мислења или перцепција на луѓето во однос на одредено прашање. Тие се важни зошто ги објаснуваат причините за одредена состојба и видувањата и мислењето на луѓето темелено на искуството.

*Аутпут индикаторите* ги мерат резултатите на одредена услуга или продукт кој треба да се реализираат во рамките на програмите. *Пр. број на обучени жени за претприемништво; подобрени наставни содржини кои не промовираат стереотипи; % намалено насилството врз жените; зголемен број на жени по ранг во полицијата. Аутпут индикаторите* се главниот фокус на ова Методологија, односно развивањето на аутпут индикатори разделени по пол е обврска која произлегува од Насоките за подготовка на предлог буџетската пресметка. Во Прилог 2. дадени се примери за квалитативни и квантитативни родово сензитивни аутпут индикатори во неколку сектори и области на делување.

*Дефинирање на активности во поддршка на остварување на резултатите*

Да се постигне родова еднаквост , понекогаш значи да се работи различно со жените и мажите во остварување на единствена цел и постигнување на еднакви резултати. Во таа насока институциите можат да предвидат активности кои ќе бидат буџетирани, а со кои ќе се надминат диспаритетите кои постојат помеѓу жените и мажите во општеството како резултат на традиционалните родови улоги и социјалните, економските, културните, нееднаквости кои произлегуваат од нив.

Активностите во остварување на родово сензитивните индикатори можат да бидат од истата или од други програми или сектори во рамките на институцијата. Она што е важно е тие да бидат насочени кон остварување на однапред утврдениот индикатор.

- **Чекор 3.** ***Подготовка на предлог буџет на институцијата***

Паралелно со подготовката на стратешките планови се подготвува и предлог буџетот на институцијата.

Родово одговорното буџетирање претставува интегрален дел во подготовката на буџетот, а видливоста се обезбедува преку развивање на аутпут индикатори разделени по пол во рамки на ***Буџетскиот циркулар*** и подготовка на ***Родово одговорна буџетска изјава.***

- ✓ **Буџетски циркулар**

Буџетскиот циркулар налага идентификување на посебни индикатори за остварување за секоја одделна програма, преку кои ќе се овозможи мерење на резултатите од реализацијата на програмите, како и оправданоста на трошоците за остварување на целите.

При развивањето на аутпут индикаторите, органите на државната управа кои се задолжени со Насоките за подготовка на Буџетскиот циркулар, задолжително дефинираат родово сензитивни индикатори, на избраната програма, со цел да овозможат мерење на ефективноста и влијанието на програмите врз мажите и жените.

- ✓ **Родово одговорна буџетска изјава**

Родово одговорна буџетската изјава е документ со кој се демонстрира политичката волја за вклучување на родовата еднаквост во областа која ја покрива избраната програма која е предмет на анализа. Таа е воедно документ кој говори за одговорноста на Владата дека е подготвена да направи чекори кон унапредување на родовата еднаквост, проследени со буџетски средства.

Родово буџетската изјава (прилог 1) се пополнува откако ќе биде избрана програмата која ќе биде предмет на родово буџетска анализа и таа претставува придружен документ на предлог буџетскиот циркулар кој се доставува до Министерството за финансии по претходно разгледување и одобрување од Министерството за труд и социјална политика.

Таа содржи информации за програмата и осврт на:

- Прашањата и проблемите кои се однесуваат или ја предизвикуваат родовата (не)еднаквост, односно ги анализираат состојбите во секторот, областа на која се однесува програмата во однос на жените и мажите, кои се нивните пороблеми потреби и приоритети;
- Причините кои можат да го отежнат пристапот на мажите и жените до можностите и придобивките кои ги нуди програмата (културни бариери, социјални, економски ограничувања, психолошки, технолошки итн)
- Интервенициите со кои ќе се надминат одредени недостатоци во однос на состојбите на жените и мажите и низ практични чекори ги опишува резултатите кои треба да се постигнат за да се обезбедат подобри можности за жените и мажите во имплементациајта на програмите.

Подготовката на Родово одговорната буџетска изјава е процес во кој учествува работната група.

Откако ќе биде одобрена од одговорното лице во институцијата, родово одговорната буџетска изјава јавно се објавува на веб страницата на институцијата,

кога се објавуваат и стратешкиот и оперативниот план и се доставува до МТСП. На овој начин се почитуваат принципите на транспарентност и отчетност на институцијата и се овозможува подобро следење на работата од страна на сите заинтересирани страни.

### 2.5 . Консултации со засегнати страни

Консултациите со засегнатите страни се исклучително важен механизам за подобрување на квалитетот на програмите, спроведување на предвидените мерки особено во однос на постигнување на родовата еднаквост и унапредување на ефикасноста и ефективноста на самите програми.

Консултациите е потребно да бидат составен дел на фазата на планирање, имплементација и евалуација на родово буџетската иницијатива. На овој начин се подобрува јавниот интерес и вклученоста, се зголемува легитимноста на преземените мерки, се обезбедува соработка со другите релевнатни партнери.

Процесот на консултација може да биде внатре во институцијата помеѓу различните организациони облици кои имаат надлежност во спроведување на програмата и надвор од институцијата, со сите релевантни субјекти кои можат да имаат поделена надлежност или интерес од имплементацијата на програмата. Клучни актери во процесот на консултации се жените и мажите кои се директни корисници на програмите, граѓанскиот сектор, министерствата, истражувачки центри, деловната заедница, коморите, универзитетите, медиумите итн

Во фазата на подготовка на родово одговорната буџетска изјава, а во процесот на конслутации важни се следните чекори:

- конслутациите да бидат однапред испланирани, уште во фазата пред подготовка на родово одговорната буџетска изјава;
- да се идентификуваат релевантните чинители;
- да се подготви нацрт родово одговорна буџетска изјава и таа да биде предмет на конслутации
- предлозите за мерките и активностите да се интегрираат во програмата, предмет на родово одговорно буџетирање;
- да се понудат повратни информации на сите релевантни чинители кои биле дел од процесот на конслутации

Начинот на кои институциите ќе ги организираат конслутациите може да биде низ различни форми и пристапи: писмени консултации, белешки и коментари, ислушувања, совети, дискусии со групи на релевантни чинители и претставници, фокус-групи/тест-панели, јавни средби и конференциски настани, анкети/прашалници.

Во фазата на имплементација и евалуација на програмите, може да се применат истите пристапи заради подобрување на интервенцијата и прилагодување на мерките и заради оценка на ефектите од програмата и дефинирање на идните приоритети.

## 3. СЛЕДЕЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ ПО ПРОГРАМИТЕ ПРЕДМЕТ НА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

### 3.1 Следење (мониторинг)

Системот на следење на програмите кои се предмет на РОБ има за цел навремено да ги прибере вистинските податоци и информации кои ќе помогнат да се оцени напредокот во однос на унапредување на еднаквоста и еднаквите можности на жените и мажите. Тој воедно го овозможува да се донесат одлуки за понатамошниот тек на програмата, да се научи од процесот и да се преземат корективни дејства во однос на активностите кои треба да ги постигнат зацртаните резултати.

Работната група одговорна за РОБ, прибира податоци и информации за тековните состојби, ги обработува, ги анализира и подготвува периодичен извештај. Во процесот на следење, работната група за РОБ го:

- анализира контекстот, односно политичките, економските, социјалните и другите влијанија кои се значајни, а кои може да влијаат на програмата;
- ги следи постигнатите резултати во однос на бројот на корисници мажи и жени;
- ги анализира финансиските средства и начинот на нивно трошење;
- ги следи промените преку анализа на индикаторите и прави споредба во однос на почетната состојба.

Следењето на програмите предмет на родово одговорно буџетирање се одвива во рамките на стандардните процедури на самите институции, на секои шест месеци.

### 3.2. Оценка на програмата (евалуација)

Оценката на програмата предмет на РОБ е објективна проценка во насока на влијанието и резултатите кој програмата ги постигнала.

Програмите и стратегиите на институциите кои се предмет на родово одговорно буџетирање треба да бидат предмет на солидна оценка, за да може да се оцени дали се најдобри во промовирање и унапредување на еднаквоста и еднаквите можности на мажите и жените, да се оцени дали има подобри начини да се постигнат целите и дали има подобри начини да се искористат ресурсите.

Процесот на оценка на програмата треба да ги вклучи сите релевантни чинители кои имаат интерес да помогнат во процесот на донесување на одлуки за идните интервенции.

Клучни прашања при евалуација на програмите предмет на родово одговорно буџетирање се следните:

- Кои се клучните резултати и промени од програмата и како тие влијаеле на разните категории граѓани, мажите и жените ?

- Кој има поголема корист од програмата и зошто?
- Каква е распределбата на буџетските средства за програмата по корисник?
- Кои се научените лекции и како може да се подобрат идните програми?

Процесот на следење и оценка на програмите од родов аспект институциите го прават преку анализа на индикаторите и состојбите во сферата во која делуваат. Одговорите на овие прашања и известувањето во однос на промените дефинирани во родово-сензитивните индикатори се составен дел на извештаите на институциите за реализација на стратешките и оперативните планови и на Извештајот за родово одговорно буџетирање.

### 3.3. Известување за родово одговорно буџетрирање

Сите органи на државната управа за процесот на спроведување на родово одговорното буџетирање подготвуваат ***Извештај* за родово одговорно буџетирање** (во натамошниот текст: Извештај).

Целта на Извештајот е да се даде преглед на целиот процес на родово одоговорно буџетирање од планирање и спроведување на родовата анализа на избраната програма, до резултатите од програмата, и да се дадат заклучоци и препораки со кои би се унапределе политиките и програмите и би се присособиле на реалните потреби на жените и мажите.

Секоја институција која има спроведено родово буџетска анализа подготвува годишен извештај за секоја поединечна година од процесот на следење на програмата, и завршен извештај на крајот од третата година, во кој се сублимираат претходните извештаи и се дава преглед на процесот, постигнатите резултати и прогресот кој се случил во текот на следењето на програмата од аспект на еднаквите можности на жените и мажите.

Годишните и завршните извештаи се подготвуваат во согласност со *Образецот за формата и содржината на Извештајот за родово одговорно буџетирање,* прилог 3 на оваа Методологија.

Годишниот и завршниот Извештај содржи:

- Анализа на контекстот во кој се согледуваат промените кои настанале од отпочнување на родово буџетската анализа и состојбите во однос на мажите и жените.
- Остварените резултати, промени и влијанија на состојбите во однос на еднаквите можности на жените и мажите
- Резултатите од анализата, влијанијата на анализираните приходи и расходи врз жените и мажите и предлог мерките со кои би се надминале нееднаквостите од родова перспектива.

Во Извештајот се дава преглед и на процесот на консултации, се наведуваат засегнатите страни кои биле консултирани во процесот и начинот на нивно вклучување како и препораките кои биле добиени во процесот на консултација.

Предлог Извештајот се доставува на мислење до Министерството за труд и социјална политика и до Интер-ресорската советодавна и консултативна група (ИРСКГ) за еднакви можности на жените и мажите во рамки на Владата на Република Македонија. По добиеното мислење, доколку има забелешки и сугестии, работната група ги разгледува и одлучува по нив. Предлог извештајот се дава на одобрување кај одговорното лице во институцијата. Откако ќе биде одобрен, извештајот се објавува на интернет страницата на институцијата која го подготвила.

При подготовката на извештајот и сите активности поврзани со него, од рамка подолу.(Прилог 1)

Препораките и заклучоците од поединечните извештаи за родово одговорно буџетирање на институциите кои спровеле родово буџетска анализа, Министерството за труд и социјална политика и Интер-ресорската група ги сублимираат и ги вклучуваат во своите годишни извештаи кои ги доставуваат до Владата на Република Македонија, согласно Законот за еднакви можности, член 12 став 1 алинеја 14 и Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020. На овој начин се Владата се информира за состојбите во однос на унапредување на родовата еднаквост и еднаквите можности во Република Македонија.

## ПРИЛОГ 1. ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ РОБ

| АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ/ЛИЦА | ПЕРИОД НА СПРОВЕДУВАЊЕ |
|---|---|---|
| Одржување на координативен состанок на задолжените институции за спроведување на процесот на РОБ со МТСП | Сектор за еднакви можности при МТСП | април во тековната година |
| Планирање на родово одговорно буџетирање - избор на програма која ќе биде предмет на анализа | Координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите во органот на државната управа предлагаат, а одговорното лице или државниот секретар во институцијата носи одлука за избор на програма | април во тековната година |
| Формирање на работна група за спроведување на родово одговорно буџетирање во органите на државна управа | Координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите во во орган на државната управа | април во тековната година |
| Избор на координатор на работната група за РОБ во органот на државната управа | Работна група за РОБ | април во тековната година |
| Подготовка на родово буџетска изјава | Работна група за РОБ | јуни-јули во тековната година |
| Консултации со засегнати страни | Работна група за РОБ | јуни-јули во тековната година |
| Доставување на родово буџетската изјава до МТСП | Координатор на работна група за РОБ | август во тековната година |
| Објавување на родово буџетската изјава на веб страницата на институцијата | Координатор на работна група за РОБ | август во тековната година |
| Следење и оценка на програмата предмет на родово одговорно буџетирање | Работна група за РОБ | јануари-декември во следната година |
| Изработка на извештај за процесот на родово одговорно буџетирање во институцијата | Работна група за РОБ | јануари-февруари во третата година |
| Доставување на извештајот до МТСП и ИРКСГ | Координатор на работна група за РОБ | март во третата година |
| Добивање на мислење по извештајот од МТСП и ИРКСГ | Сектор за еднакви можности и ИРКСГ | април во третата година |
| Одобрување на извештајот од одговорното лице во институцијата | Координатор на работна група за РОБ | април во третата година |
| Објавување на извештај на веб страницата на институцијата | Координатор на работна група за РОБ | април во третата година |
| Вклучување на резултатите и препораките од процесот на РОБ во годишните извештаи на МТСП и ИРКСГ | Сектор за еднакви можности при МТСП и ИРКСГ | мај-јуни во третата година |

ПРИЛОГ 2

# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

**Вид на програмата**

☐ Хоризонтална

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:**

**Краток осврт на програмата:**

| |
|---|
| **2. Анализа на состојбата** (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост) |
| |
| **3. Предложени интервенции** (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа) |
| |
| **4. Очекувани резултати од програмата** (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста). |
| |

## 5. Аутпут индикатори

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата

2а) Прилог кон родово буџетската изјава

**Водечки прашања кои можат да помогнат во пополнување на родово буџетската изјава**

**Во делот на анализа на состојбите:**

1. Какви се состојбите во секторот/областа која е опфатена со програмата во однос на мажите и жените? Кои се нивните проблеми, потреби, приоритети?

2. Кои се условите и причините кои можат да го отежнат пристапот на мажите и жените до можностите и придобивките кои ги нуди програмата? (размислете и на културните бариери, социјалните и економски, психолошки, технолошки ограничувања, итн)

3. Дали постојат механизми кои на жените и мажите им овозможуваат изразување на потребите и учество во дефинирањето на приоритетите во овој сектор/оваа област? И дали во случај на недостаток на вакви механизми тоа негативно би влијаело на родовата еднаквост во областа/секторот?

**Во делот на очекувани резултати од програмата:**

1. Какви се очекуваните придобивките од програмата за мажите и жените? Дали ќе имаат подеднаков пристап до ресурсите и до можностите што ги нуди програмата ?

2. Кои мерки треба да се преземат за придобивките и ефектите од програмата да ја унапредат еднаквоста и еднаквите можности на жените и мажите?

3. Дали соодветни средства се алоцирани за да се надминат нееднаквите можности, нееднаквостите и ограничувањата кои можат да бидат резултат на традиционалните родови улоги кои создаваат културни бариери, социјални и економски, психолошки ограничувања итн?

4. Дали други програми и активости можат да допринесат кон унапредување на родовата еднаквост и постигнување на очекуваните резултати од програмата која е предмет на родово одговорно буџетирање? Која е таа програма и кои се тие активности и мерки?

ПРИЛОГ 3

# ИНДИКАТОРИ ЗА РОДОВО БУЏЕТСКА АНАЛИЗА

## ПРИМЕРИ ЗА РОДОВО СЕНЗИТИВНИ ИНДИКАТОРИ

## 1. Политичко учество и одлучување

**Квалитативни индикатори**

- Подобрена застапеност на жените во медиумите на политички дебати
- Намалени случаите на семејно гласање
- Зголемен бројот на обучени жени за раководни функции
- Инкорпориран принципот на еднаквост и недискриминација и вклучување на родовите прашања во владините програми

**Квантитативни индикатори**

- % на жени и мажи на именувани функции
- % на жени и мажи на раководни функции во јавната администрација
- % на жени и мажи на раководни и нераководни позиции во државната администрација
- % на жени и мажи на раководни и нераководни позиции во синдикатите
- % на жени и мажи регистрирани како гласачи од вкупниот број граѓани кој гласаат
- % на жени и мажи во полицијата по ранг
- % на жени и мажи во армијата по ранг
- % на жени и мажи судии и јавни обвинители
- % на жени и мажи во дипломатските претставништва
- % на жени и мажи амбасадори
- % на жените и мажите во управните одбори

## 2. Образование

**Квалитативни индикатори**

- Родово сензибилизирање на содржината на наставните програми и надминување на стереотипите
- Поголема рамноправност во вработувањето на мажи и жени професори по одделенска настава

**Квантитативни индикатори**

- Број на машки и женски деца вклучени во основно и средно образование
- % на машки и женски деца кои го напуштаат училиштето
- Стапка на повторување на училишната година кај момчиња и девојчиња

## 3. Економија и вработување

**Квалитативни индикатори**

- Обуки и стручно усовршување наменети за жени
- Промена на стапката на неактивно женско население
- Флексибилно работно време
- Можности за унапредување
- Социјална сигурност и заштита

**Квантитативни индикатори**

- % на невработени мажи и жени
- % на економска активност кај жените
- % на жени вработени во индустрија
- % на жени кои имаат пристап до кредити наспроти мажи
- % на жени кои поседуваат земја, куќа, имот
- % на рурални семејства во кои мажите или жените се главни носители на приходот
- % на заработувачка/просечна плата во руралните средини за мажи и жени
- % на жени кои добиле субвенции од државата во областа на земјоделието
- Зголемена поддршка на женското претприемништво
- Зголемен бројот на жени претприемачи
- Поголема сигурност при вработувањето
- Намалување на разликите во плати меѓу мажите и жените за работа од иста вредност
- % на кредити, финансии и технички средства кои се на располагање од владини и невладини извори наменети за жени
- % на деца под три години сместени во градинки
- % на жени претприемачи

## 4. Информатичко комуникациска технологија (ИКТ)

**Квалитативни индикатори**

- Подобрен пристап за момчиња и девојчиња до обука за ИКТ во руралните средини
- Зајакната свест за можностите на девојките да се вклучат во секторот ИКТ

**Квантитативни индикатори**

- % на жени корисници на интернет
- % на жени корисници на мобилна телефонија
- Зголемен број на девојки кој студираат ИКТ
- % на жени и мажи во ИКТ секторот

ПРИЛОГ 4

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

## 1. Податоци за избраната Програма

Име на програмата:

Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:

Вид на програмата

- ☐ Хоризонтална
- ☐ Вертикална

Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:

## 2. Вовед

## 3. Позадина/контекст

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:

Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;

Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;

Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми специфично наменети за

| |
|---|
| **6. Тесни грла и научени лекции** (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори ) |
| |
| **7. Заклучоци и препораки** |
| |

**Одобрил:**

______________________